


# Благајник – Помлад Соработник

## Junior Associate - Cashier

**Локација:** ВЕЛЕС

**Оддел:** Сектор за Население

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет и сигурност**

### Што ќе биде твојата улога

- Извршување на готовински и безготовински трансакции со физички и правни лица
- Промоција и продажба на банкарски производи и услуги, вклучително и учество во продажни кампањи
- Препознавање на потребите на клиентите и нивно насочување до соодветни служби
- Одржување на висок квалитет на услуга и градење професионални односи со клиентите
- Ажурирање и одржување на точни клиентски досиеја и податоци
- Почитување на внатрешни политики, процедури и законски прописи (вкл. спречување перење пари)
- Работа со апликации за секојдневно банкарство и водење евиденција на состојбата на благајната
- Застапување за осигурување и пензиски фондови (доколку постои соодветна лиценца)
- Извршување и на други задачи по налог на непосреден раководител

### Кои квалификации се потребни

- Минимум средно стручно образование (ССС)
- Работно искуство во продажба, промоција и таргетирана работа со клиенти – предност е искуство од банкарскиот или друг услужен сектор
- Активно користење на компјутер (MS Office)
- Познавање на англиски јазик
- Одлични комуникациски и продажни вештини
- Способност за организирање на работни обврски, одредување приоритети и работа под притисок
- Тимска работа, препознавање и управување со ризици во работењето
- Насоченост кон постигнување резултати и задоволство на клиентите

### Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на твоето CV на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **25.08.2025 година** со назнака **„Апликација за Благајник – Помлад Соработник“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоидинината**

Те очекуваме!